# **ЖАКЛИНА АНГЕЛОВСКА**
# **КАНДИДАТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ**

НА

КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ

И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

До

Комора на овластени  архитекти и овластени инжинери

на Република Македонија

бул. Партизански одреди бр.29

Т.Ц. Буњаковец, Скопје

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 27. 10. 2016 г. | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1305 | / | / |

Предмет:  КАНДИДАТУРА ЗА  ПРЕСЕДАТЕЛ  НА КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ  АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖИНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно распишаниот оглас за избор на Претседател на Комората на овластени архитекти и овластени инжинери на Република Македонија со  бр.03-1296/1 од 21.10.2016 година, објавен на страната на Комората http://www.komoraoai.mk/informator  доставувам:

- Биографија
- Четиригодишна програма за работа на Комората

27.10.2016 Скопје

Кандидат:
М-р Жаклина Ангеловска,диа

**Почитувани делегати на КОМОРА на овластени архитекти и овластени инжинери на Република Македонија**

При мојата повторна кандидатура за избор на председател на Комората би сакала лично да Ви се обратам и во најкратки можни црти, да Ви ги изложам моите приоритетни залагања во работата и организацијата на Комората

Водејќи се од досегашното искуство во работењето кое диреткно зависи од два закона би сакала да го потенцирам следното

- Неопходно е враќање на издавање на лиценците на правните лица во комората согласно првото законско решение

- За заштита на достоинството на струките и враќање на дигнитетот на инжинерите во општеството неопходно е за нивниот труд итно донесување на минимални цени за услуги

- Заради континуиран напредок во сите струки, неопходно е да се овозможи работа со поголема самостојност во одделенијата при донесување на одлуки , планирање на активности и нивна реализација во рамките на достапниот буџет

**Ова се приоритетните задачи на коишто веднаш мислам посветено да работам, со целосна ваша подршка и помош.**

**Со почит,**

**Жаклина АНГЕЛОВСКА**



**Биографија**




| | |
|---|---|
| Име и Презиме | **Жаклина Ангеловска** |
| Адреса | Московска 26 Скопје |
| телефон | (389) 070-310799 |
| E-mail | angelovska. zaklina@gmail.com |
| Националност | Македонка |
| Дата на раѓање | 27.10.1966 |
| Пол | Женски |


**ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| Име и вид на институција<br>Каде е стекнато образованието | Универзитет "Св.Кирил и Методиј", Скопје, Македонија<br>**Архитектонски факултет**, Бул.Партизански Одреди 24, 1000 Скопје |
| Датум | Декември 2011 - во тек |
| Стекната квалификација | **Докторската дисертација** |
| Опфатени професионални вештини | **Наслов на теза**: Промена на урбанистичко-планерската регулатива во Република Македонија по нејзиното осамостојување и последиците врз урбанистичко планирање и развој на просторот |
| Име и вид на институција<br>Каде е стекнато образованието | Универзитет "Св.Кирил и Методиј", Скопје, Македонија<br>**Природно – математички факултет - Институт за географија**<br>Гази Баба бб, 1000 Скопје, Македонија |
| Датум | Декември 1998-ти јануари **2006** година |
| Стекната квалификација | **Магистер на науки за просторно планирање** |
| Опфатени професионални вештини | **Наслов на теза:** Просторно- планерските параметри за лоцирање на гранични премини на македонско-бугарската граница |
| Име и вид на институција<br>Каде е стекнато образованието | Универзитет "Св.Кирил и Методиј", Скопје, Македонија<br>**Архитектонски факултет**, Бул.Партизански Одреди 24, 1000 Скопје |
| Датум | Октомври 1985--ти јуни **1991** година |
| Стекната квалификација | **Дипломиран инжинер по Архитектура** |
| Опфатени професионални вештини | Проектирање, урбанизам, изградба на објекти |

| | |
|---|---|
| **СЕРТИФИКАТИ И ОВЛАСТУВАЊА:** | |
| | 2001- Лиценца за за носител на изработка на урбанистички планови – издадено од Министерство за транспорт и врски<br><br>Овластувања издадени од Комора на овластени архитектии и овластени инжинери на РМ<br>2008- Овластување за носител на изработка на урбанистички планови<br>2009- Овластување А за проектирање градби како одговорен проектант<br>2009- Овластување А за ревизија на проектна документација<br>2009- Надзор орган А за изградба на објекти<br>2009- Овластување А за надзор над изградба<br><br>2011- Лиценца за вештачење во областа на градежништвото и архитектурата - издадено од Министерство за правда<br>2012- Овластен проценител на недвижности - издадено од Министерство за транспорт и врски |
| **ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТНО ИСКУСТВО** | |
| Име и адреса на работодавачот | Друштво на архитектонски дејности **УРБАНКОН** Дооел, ул.Московска бр.26, Скопје, Македонија |
| Датум | Јануари **2013** година |
| Професија или позиција главни активности и одговорности | **Основач на друштвото и главен инжинер со овластувања за**<br>Урбанистичко планирање, прокетирање, надзор над изградба на објекти, проценка на недвижен имот-вештачење од област на урбанизмот и архитектурата-консалтинг<br>• изработка, организирање и управување на проекти,<br>• водење на постапките за добивање градежни дозволи<br>• проценка на недвижен имот<br>• вештачења од областа на урбанизмот и архитектурата<br>• изработка на урбанистички планови |
| Вид на бизнис или сектор | **Проектанстко-планерска сопствена компанија** |
| Работно искуство- Проекти | • Урбанистичко и архитектонски проект за Колеџот Јахја Кемал во општина Карпош Скопје, со површина од 13.000m²<br>• Основен проект за реконструкција и адаптација за Т.Ц. Рамстор во општина Центар Скопје со површина од 17.000m²<br>• Основен проект за реконструкција и адаптација за детска градинка ПИКОЛИНИ во општина Карпош Скопје, со површина од 800m² |
| Вештачења и проценки | • Подготовка проценки на хипотеки на недвижен имот во НЛБ тутунска банка, Уни банка, Халкбанк и Алфа банка<br>• Сервис и деловен простор -Транс Велес, ул.Алексо Демниев бр.53 Велес<br>• Деловна зграда – Тедико во Велес<br>• Диско клуб -Мистер Џек,ул.Моша Пијаде во Велес<br>• Деловно-административна зграда Бујото Инвест на ул. Првомајска бб Скопје<br>• Деловен објект-фабрика за живина во Идризово бб, Скопје<br>• Станбено-деловен објект на Гранит Скопје на ул.Прашка бб во Скопје<br>• Административана-деловна зграда на НЛБ Банка и Сити Плаза во Скопје<br>• Трговски центар со апартманско сместување КАПИТОЛ МОЛ, Скопје<br>• Хотел Стоне Бридге Скопје |
| Урбанистички планови | • АУП за колеџ Јахја Кемал во општина Карпош<br>• ЛУПД за комплекс бензинска пумпа и хотел во Крива Паланка |

| | |
|---|---|
| Име и адреса на работодавачот | **ПЕРА КОНСТРАКШН ИНТЕРНАЦИОНАЛ** ДОО, ул.Мито Хаџивасилев Јасмин бр 7, Скопје, Македонија |
| Датум | Ноември **2011** година |
| Професија или позиција | **Проект менаџер и раководител за имплементација на инвестициони проекти** |
| главни активности и одговорности | • организирање и управување со инвестициски проекти<br>• контрола и развој на проекти<br>• водење на постапките за добивање градежни дозволи |
| Вид на бизнис или сектор | **Градежна компанија, Турско-Македонска-мешовита компанија** |
| Работно искуство- Проекти | • Архитектонски проект за фабрика за катализатори - Џонсон Мети во зона Бунарџик Скопје, со површина од 35.000m² и изградба на фабриката<br>• Изградба на фабрика за електронски производи – КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС Македонија во зона Бунарџик Скопје, со површина од 11.000m²<br>• Изградба на фабрика за автомобилски кабли – КРОМБЕРГ И ШУБЕРТ во индустриска зона Жабени, Битола, со површина од 22.200m² |
| Име и адреса на работодавачот | **ЕНЕРГОПЛАН инженеринг Скопје, Македонија** |
| Датум | Ноември **2010** – Октомври **2011** година |
| Професија или позиција | **Директор** |
| главни активности и одговорности | Управување со финансиското работење на компанијата, подготовка на програми за развој, подготовка на тендерска документација од областа на изградба на јавни објекти кои се финансирани од страна на Владата |
| Вид на бизнис или сектор | **Градежна компанија, Словенечко-Македонска - мешовита компанија** |
| Работно искуство- Проекти | • Реконструкција и адаптација на објект за Министерство за финансии на РМ во општина Центар, Скопје, со површина од 13.430m² |
| Име и адреса на работодавачот | **СИТИ ПЛАЗА** ДОО, ул.Мито Хаџивасилев Јасмин бр 7, Скопје, Македонија |
| Датум | Август **2009** - октомври **2010** година |
| Професија или позиција | **Раководител на одел за проектирање и дозволи на менаџерот** |
| Главни активности и одговорности | • проектирање и координирање на проекти за изградба на објекти<br>• водење на постапката за добивање на одобрување за изградба<br>• контрола над спроведувањето на проектот во текот на изградбата |
| Вид на бизнис или сектор | **Проектанска и градежната компанија -приватен сектор** |
| Работно искуство Проекти и изградба | • Архитектонски проект за трговски центар со апартманско сместување – бул.Јане Сандански, општина Аеродром, Скопје, со површина од 35.000m²- завршена изградба 2014 година<br>• Архитектонски проект за хотел со 5 звезди бул.АСНОМ со површина од 30.000m² - во тек на изградба<br>• Архитектонски проект за реконструкција на Амбасадата на Кралството Холандија, површина 800m² – завршена реконструкција 2010 година<br>• Изградба на административно -деловен објект НЛБ Тутунска банка & Сити Плаза во општина Центар, Скопје со површина од 30.000m² - завршена изградба 2009 година |

| | |
|---|---|
| Име и адреса на работодавачот | **Министерството за транспорт и врски**<br>**ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ** |
| Датум | Септември **2006** - јули **2009** година |
| Професија или позиција | **Директор** |
| Главни активности и одговорности | Контрола на спроведувањето на урбанистичките планови, контрола на изградба на објекти од значење за државата<br><br>Надзорот над законитоста на работата на локалните власти во областа на градежништвото и урбанизмот |
| Вид на бизнис или сектор | **Државен сектор** |
| Работно искуство- Проекти | • Проект менаџер за изработка на закон за легализација на бесправни градби, активно учество во измена и дополна на закон за градењ и закон за просторно и урбанистичко планирање<br>• Учество во 5-та регионална конференција за импленментација на Виенската декларација во Подгорица-Црна Гора 2007година<br>• Организатор и предавач во три работилници за обука на единиците од локална самоуправа –Примена на законот за општоуправна постапка во областа на урбанизмот и градежништвото |

| | |
|---|---|
| Име и адреса на работодавачот | **АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ** |
| Датум | Октомври **1998** август **2006** година |
| Професија или позиција | **Овлстен урбанист и просторен планер** |
| Главни активности и одговорности | Просторно и урбанистичко планирање и урбанистичко истражување и анализа, урбанистички проекти |
| Вид на бизнис или сектор | **Јавен сектор** |
| Работно искуство<br>Просторни планови | • Просторен план на Република Македонија, Просторен план на Скопски регион,<br>• Просторен план на Црна река, Просторен план на Охридско-преспански регион<br>• Просторен план на регион на сливно подрачје Треска со измени и дополни на ПП на акомулација Козјак |
| Урбанистички планови | • Генерален урбанистички план на Скопје, ГУП за туристички локалиотет Голак, ГУП за рекреативен центар Калин Камен-Кр.Паланка, ГУП за меморијален центар АСНОМ, ГУП заОпштина Арачиново, ГУП за Општина Дебар и др.<br>• Урбанистички план за граничен премин Црн Камен, патен правец Делчево-граница со Бугарија, регионален пат Р-533<br>• Урбанистички план за граничен премин Ајдучки Кладенец, патен правец Пехчево-граница со Бугарија, регионален пат Р-525<br>• Урбанистичка документација за населено место Ново Село-Скопје<br>• Урбанистичка документација за населено место Јурумлери-Скопје<br>• Урбанистички проект за локалитет Свети Наум -Охрид |

| | |
|---|---|
| Име и адреса на работодавачот | **Индекс АС инженеринг,** Дооел,ул.Московска 26, Скопје |
| Датум | Декември **1993** - септември **1998** година |
| Професија или позиција | **Одговорен проектант-архитект** |
| Главни активности и одговорности | Архитектонски проекти, проекти за ентериер |
| Вид на бизнис или сектор | **Приватниот сектор, проектанска компанија** |
| Работно искуство<br>Проекти и изведба | Архитектонски проекти за станбени и деловни објекти (идејни и главни)<br>Станбено-деловен комплекс до Панорама, на Водно, Скопоје од 12.000м[2]<br>Проекти за ентериери на деловни простории (канцеларии,ресторани, хотели и др) |

## АКТИВНОСТИ И ЧЛЕНСТВО

- Раководител на оделение за урбанисти и планери, при Комора на овластени архитекти и овластени инженери РМ, од 2012-2016
- Носител на изработка на ценовник за урбанистички услуги 2014-2016
- Координатор за изработка на ценовник за инжинерски услуги 2009-2010
- Претседател на Комисија за издавање на овластувања за архитекти, при Комора на овластени архитекти и овластени инженери РМ
- Член на Комисијата за одобрување на урбанистички планови во општина Карпош, 2008 -
- Член на Комисијата за одобрување на урбанистички планови во општина Крива Паланка 2008-2012
- Завршен семинар за менаџмент вештини –комуникациски вештини и тимска работа –Мотива
- Завршен семинар за управување со време и управување со промени – Мотива
- Учество на конкурс за урбанистички план за плоштад Македонија 2003 година
- Учество со свој проекти на БИМАС 2006 година
- Учесник во книгата –Македонските градители во XVII-XXI век 2007 година
- Член на ААМ на Македонија, 1993 година

## ЛИЧНИ ВЕШТИНИ И СПОСОБНОСТИ

| | |
|---|---|
| Мајчин јазик | Македонски јазик |
| Познавање на други јазици | Англиски, српски, хрватски, |
| Социјални вештини и компетенции | Одговорна, комуникативна, позитивна, професионална и тимски работник, |
| Компјутерски вештини и знаења | Microsoft Office (Excel, Word), AutoCAD |
| Возачка дозвола | Возачка дозвола Б категорија |

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖИНЕРИ НА Р.М. за периодот од 2016-2020

1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ
2. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРОРИТЕТИ
3. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ
4. ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА

## 1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

- **анализа на визијата и мисијата на комората согласно законската регулатива и актите на комората**

  Основа за креирање на програмата за работа на кандидираниот председател на комората е основната мисија на КОАИ дефинирана со статутот на истата – ***застапување, усогласување и заштита на интересите на ОА и ОИ, како и заштита на интересите на трети лица при вршење на работа на ОА и ОИ.***

  Со цел да ја исполни својата основна мисија во наредните четири години (2016/2020), програмата за работа ќе предвиди активности кој ќе обезбедат сигурно и мерливо унапредување на архитектонската и инженерската дејност, согласно уставот, Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање како и согласно Кодексот за професионална етика, Постоечките акти на комората, во се во согласност со член 6 од Статутот на КОАИ.

- **дефинирање на принципите за работа на комората**

  Новиот председател својата работа, согласно приложената програма ќе ја базира врз јасно дефинирање на принципите за работа на комората низ сите нејзини тела и поодделни одделенија. Дефинираните принципи претставуваат вредности кои предводат во процесот на развивање и имплементирање на програмите и активностите.

  Работата на комората ќе биде заснована врз основа на следниве принципи:

- **непристрасност**
  - Членовите на КОАИ, при вршење на работите и задачите во рамки на КОАИ, треба да обезбедат еднаков третман на сите членки и засегнати страни на КОАИ;
  - Воспоставување на правила за работа кои ќе обезбедат еднакви права за сите членови на организацијата и засегнатите страни.

- ***професионално однесување***
  - Лицата кои се директно инволвирани во извршување на задачите тоа треба да го прават стручно, навремено и непристрасно, со цел квалитетот на услугите и објективноста во работата да бидат на високо професионално ниво;
  - имплементација на задачите и активностите да бидат усогласени со законските легислативи и интерните одлуки и регулативи на КОАИ .

- ***транспарентност во надворешната и внатрешната соработка***
  - Сите членови на Работното тело треба да обезбедат навремен и точен пренос на информациите до сите членови на комората;
  - Сите членови на Работното тело и одговорни лица треба да обезбедат навремен и точен пренос на информациите до сите засегнати страни;
  - Ставовите искажани во името на КОАИ треба да го изразуваат мислењето на КОАИ, и за истите треба да постои претходна согласност од мнозинството членови;
  - Членовите на КОАИ и внатре во одделенијата и помеѓу нив, се должни во меѓусебната комуникација да доставуваат податоци кои ќе бидат јасни, вистинити и точни.

- ***соработка помеѓу одделенијата и сите членови на КОАИ***
  - Членовите на КОАИ се должни да воспостават професионална меѓусебна комуникација за извршување на секоја работа за и во име на КОАИ;
  - Членовите на УО се должни да негуваат добри меѓучовечки односи и соработка, изградени на принципите на заемно почитување, толеранција и професионалност. Отворената размена на информации искуства, како и непосредното делување, пресудно влијаат на развивање на чувство на заедништво и соработка.
  - Секој член кој ќе раководи со одредена активност или работна задача, е должен навремено и професионално да го информира Претседателот за напредокот на спроведување на истите.

- ***доверливост***
  - Сите членки на КОАИ се должни да ги почитуваат принципите на доверливост, дискреција и професионална тајна;
  - Сите членки на КОАИ се должни да го спречат изнесувањето на информации и професионални тајни кои можат негативно да се одразат на резултатите и угледот на КОАИ или на некој од неговите членови

- ***одсуство на конфликт на интереси***
  - Членовите на КОАИ треба да избегнуваат активности кои можат негативно да влијаат врз КОАИ;
  - Членовите на организациите треба да ги идентификуваат и дискутираат можните конфликти; да избегнуваат ситуации кои предизвикуваат конфликтно однесување и да работат на план за решавање на можните конфликти.

- ***непартиски активности***
  - Сите членови на КОАИ имаат за обврска кога настапуваат во името на КОАИ да настапуваат како политички независни;
  - Исто така на членовите на Раководното тело, не е пожелно да се дел од раководните структури на политичките партии.

- ***позитивен однос на КОАИ кон владините институции и бизнис заедницата***
  - КОАИ ќе соработува и ќе биде вклучена во проекти и програмски активности со владини институции и бизнис секторот единствено во случаи кои нема да ги нарушат основните принципи на работењето на организацијата, интерните акти и воспоставените принципи.

- ***совесно работење***
  - Сите членови на КОАИ и партнери треба да се однесуваат во согласност со процедурите и правилата за работа;
  - Членовите на КОАИ не треба да работат на штета на комората или да преземаат активности кои ќе имаат негативни ефекти врз КОАИ

## 2. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ

Стратешките цели на предложената програма за работа претставуваат слика за тоа што КОАИ сака да постигне преку нејзиното работење, истовремено претставувајќи насока во која треба да се движат нејзините планови и активности.

Еден од предусловите за постигнување на целите и задачите на КОАИ е постоење на добро развиени приоритети кои се јасно поврзани со мисијата и се насочени кон стимулирање на посветеност на луѓето во КОАИ. Особено се внимава, дефинираните стратешки цели да бидат во согласност со целите, барањата и потребите на сите нејзини членови посебно, како и во состав на посебните одделенија.

Имајќи ја во предви основната мисија на КОАИ и досегашните достигања од работењето на истата, предложената проектна програма е сублимирана во 3 основни **приоритетни области.**

1. **Јасна дефинирана *автономија на основните одделенија*** кои се носители на градбата дефинирана со Законските акти од кои е произлезена самата КОАИ.

Тоа подразбира обезбедување на услови за функционирање и работа на комората во рамките на четирите основни струки кои се носители во градењето: Архитекти и Градежници (носители на градбата) и Електро и Машински инжинери (основни услужни/сервисни струки) со автономија во нивната планска програма и финансиско работење. Но градбата е посложена и и во неа учествуваат и други струки кои ќе бидат истотака интегрирани на соодветен начин во функционирањето и работењето на комората.

Административниот дел на комората ќе биде процентуално финансиран од четирите одделенија/струки. Работата во оваа област наметнува потреба од промена на Статутот на Комората и можеби некои промени во Законот.

Овие предвидени промени ќе доведат и до промена на улогата на Претседателот на комората од денешната автократска и управна во репрезентативна и протоколарна која ќе ги застапува и презентира интересите на сите струки кон јавноста.

Досегашната работа на комората (8 години или 2 мандати) пред се го етаблира функционирањето на административниот дел на комората и ја регулира фазата на издавање на овластувања. Следниот мандат наметнува нови приоритетни области за секој член од комората кои ќе се изразат низ поголемата самостојност во работата и делување на струките пред се во следното:

2. **Определување на *минималната цена за инженерските услуги*** за секоја фаза поодделно, преку креирање на методологија и дефинирање на Тарифник за истите, кој би бил усвоен од Собранието и контролиран од страна на Комората, до негово усвојување од страна на законодавецот или Владата. Активностите во оваа област ќе ја вратат разнишаната доверба на членството кон влијанието на КОАИ кон заштита на достоинството на струката како една од основните визии за постоење на комората.

3. **Промена во законските акти за *враќање на задолжението на комората за издавање на лиценци за правните лица*** кои се занимаваат со проектирање, надзор, ревизија и изведба на градби и водење на регистар за истите. Активностите предвидени со оваа приоритетна област можат да обезбедат и нов и поголем начин на финансирање на Комората преку одвојување на одреден процент од секој склучен и реализиран договор за услуга на правните членки на комората. Со ова цврсто ќе се постави правичен број на застапеност на делегати во собранието на КОАИ по одделенија согласно струковата ангажираност, а не по бројот на активно членство по одделенија. Бројот на делегати е дефиниран во статутот на комората,но би требал да се ревидира во согласност со бројот на нашето членство.

Покрај главните три приоритетни области ова програма подразбира и извршување на сите тековни активности кои ќе обезбедат континуитет и подобруавње на досегашната работа на КОАИ.

Покрај издавањето на овластувања, особено ќе се внимава на брза и лесна достапност на информации кои се од значење за инжинерската дејност за членството, како и ќе се работи на подобрување и подигнување на квалитетот на знаењето на членовите преку одржување на обуки во рамките на таканаречениот процес Континуиран Професионален Развој, продолжување на соработката во Регионалната иницијатива и Членството во меѓународните организации.

Дефинирањето на приоритетните области, наметнува потреба од активности кои ќе обезбедат поинтензивна и континуирана комуникација со членовите во сите региони низ Р. Македонија, па дури и отворање на регионални канцеларии. Сите овие активности ќе овозможат инволвирање на сите членови во работата на комората и нивен придонес во исполнување на нејзината основна мисија.

## 3. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Приложената стратегија и приоритетните области кои се издвоени со оваа програма за работа се основна насока за дефинирање на програмските активности кои се предвидени во следниот четиригодишен период на работа на комората.

**1. приоритетни активности**

- 1.1 автономија на основните одделенија на КОАИ
- 1.2 дефинирање на минимална цена на инжинерска услуга,
- 1.3 задолжување на комората со издавање на лиценци за правни лица

**2.тековна работа со членството**

- 2.1 континуирано и навремено издавање на нови и продолжување на постоечките овластувања
- 2.2. редовно ажурирање на податоците за членството и активностите на сајтот на комората, нивна достапност и транспарентност

**3. развојни активности**

- 3.1.активности за континуиран професионален развој на членовите
- 3.2 активности за развој на самата КОМОРА
    - 3.2.1 конкретни програми
    - 3.2.2 меѓународна соработка
    - 3.2.3 афирмација, презентација и промоција на КОАИ
    - 3.2.4 публицистички активности

## 4. ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА

Дефинираните приоритетни мерки и програмски активности со оваа програма се поставени во конкретна временската рамка за нивна реализација со дефинирани индикатори кои ќе ги потврдат резултатите од нив.

| Р.бр | Активност | Временска рамка | Предвиден буџет | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ** | | | |
| 1.1 | *автономија на основните одделенија на КОАИ*<br>-креирање на сопствени програми за работа<br>-креирање на буџет за работа согласно планот за имплементација на поделните програми<br>-координирање на поделните програми<br>-континуирано следење на активностите преку редовни извештани за работа | 2016-2020 | | |
| 1.2 | *дефинирање на минимална цена на инжинерска услуга*<br>-анализа на ситуација на терен преку анкетирање и интервјуирање на правните и физичките субјекти инволвирани во процесот за градба)<br>-анализа на досега применуваните методологии за дефинирање на цената на инжинерската услуга<br>-анализа на искуствата од други земји , во одредување на цената на инжинерската услуга<br>-синтетизирање на добиените анализи, дефинирање на методологија<br>-прифаќање на методологијата и тарифникот од страна на членството и собранието за наша интерна употреба<br>-лобирање за потребни промени во законските акти за прифаќање на донесениот тарифник | 2016-2018 | | - изготвени и прифатени тарифници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.3 | *задолжување на комората со издавање на лиценци за правни лица*<br>-припрема на анализа за предностите од оваа активност<br>-лобирање кај релевантните фактори за промена на аконската регулатива | 2016-2018 | | -промена на законската регулатива и издавање на лиценци за правни лица |
| **2** | **ТЕКОВНА РАБОТА СО ЧЛЕНСТВОТО** | | | |
| 2.1 | континуирано и навремено издавање на нови и продолжување на постоечките овластувања | 2016-2020 | | -број на издадени и продолжени овластувања |
| **3** | **РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ** | | | |
| 3.1 | активности за континуиран професионален развој на членовите | | | |
| 3.1.1 | | 2016-2020 | | |
| 3.2 | активности за развој на самата КОМОРА | | | |
| 3.2.1 | Конкретни програми<br>-припрема на апликации за различни програми и проекти како ИПА, ХОРАЈЗОНТ, .... | 2016-2020 | | -број на добиени проекти |
| 3.2.2 | меѓународна соработка | | | |
| 3.2.3 | афирмација, презентација и промоција на КОАИ | | | |
| 3.2.3 | публицистички активности | | | |

Изработила: м-р Жаклина Ангеловска, диа